Република Северна Македонија
Општина Крушево

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО
Бр. 03-239/7
КРУШЕВО

Рок на чување 10 год.
201__ год. Потпис
КРУШЕВО

Врз основа на донесената Методологија за определување на критериуми за доделување на финансиска поддршка на Здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево (,,Службен гласник на Општина Крушево,, бр.12/2018) член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик (,,Службен весник на Република Македонија,, број 40/06, 136/08, 148/08,155/08,163/08,44/11,51/11,142/12,31/13,14/14,30/14,196/15,35/16,97/16,99/16,136/16,142/16,67/17,125/17,35/18,99/18,140/18,208/18 и 27/19) а согласно Решениото за распишување на избори за Претседател на Република Македонија, објавено во (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.34/2019), Градоначалникот на Општина Крушево на ден 11.03.2019 година донесе:


Република Северна Македонија
Општина Крушево

Никола Ѓурковиќ 16 а
7520 Крушево
Тел. 048 477 061
Факс. 048 477 046
opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
www.krusevo.gov.mk


# ОДЛУКА

за ставање во мирување на постапката за донесување на Одлуката за распределбата на средства од Буџетот на Општина Крушево за 2019, наменети за финансирање на програмски активности на Здруженија и фондации

1. Во мирување се става постапката за донесување на Одлуката за распределбата на средства од Буџетот на Општина Крушево за 2019, наменети за финансирање на програмски активности на Здруженија и фондации по Јавниот повик со број03-239/1 од 08.02.2019 година

2. Оваа одлука стапува на сила од денот на нејзино донесување.

Образложение

Општина Крушево на ден 08.02.2019 година објави Јавен повик со бр.03-239/1 за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Крушево за 2019 година за Здруженија и фондации од Општина Крушево. Повикот беше објавен на веб страната www.krusevo.gov.mk

Согласно Решениото за распишување на избори за претседател на Република Македонија, објавено во (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.34/2019) а врз основа на член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик (,,Службен весник на Република Македонија,, број 40/06, 136/08,148/08,155/08,163/08,44/11,51/11,142/12,31/13,14/14,30/14,196/15,/16,97/16,99/16,136/16,142/16,67/17,125/17,35/18,99/18,140/18,208/18и27/1) меѓу другото од денот на донесување на одлука за распишување на избори до завршување на изборот на Претседател на Република Македонија започнатите постапки се ставаат во мирување.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот.

Општина Крушево
Градоначалник
м-р Томе Христоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО